EL PHARMA
a PHOENIX company

# ПОЛИТИКА ЗА ИНТЕГРИРАНИОТ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ

Европа Лек Фарма ДООЕЛ Скопје има цел да биде во служба на унапредување на здравствената заштита на населението и да биде лидер меѓу веледрогериите во Македонија. Овие цели ги оствaруваме со континуирано следење и зголемување на продуктивноста на процесите, иновациите во работењето и постојано подобрување на квалитетот на услугите согласно ISO9001:2015, задржување на континуитетот на работењето и системот за заштита на животната средина согласно ISO14001:2015.

Предуслов за остварување на нашите цели е да бидеме:

- **сигурен** партнер на нашите клиенти (производителите, партнерите, добавувачите и купувачите), да обезбедиме квалитетна услуга за логистичка поддршка, навремена и континуирана дистрибуција на широкиот асортиман на лекови, медицински средства, диететски суплементи и медицинска козметика,
- **усогласени** со домашната и меѓународната регулатива од областа на веледрогериското работење, заштита на животната средина, општествена одговорност, одржливост и договорените обврски со партнерите, како и усогласеност со останатата релевантна легислатива,
- **проактивни** во согледување, превенирање и/или контролирање на потенцијалните ризици кои можат да го нарушат системот за квалитет, континуитетот во работењето или да доведат до нарушување на животната средина,
- **посветени** кон континуирано подобрување на интегрираниот систем за управување и задржување на статусот на прв избор на купувачите преку обезбедување на широк асортиман, континуирано снабдување и највисоко ниво на квалитет во дистрибутивниот ланец,
- **насочени** кон развој на индивидуалните вештини, потенцијали и мотивација на вработените, со цел да продолжиме со подобрување на услугите за нашите клиенти. Насоченото усовршување на вработените во сите области не е поттикнување само на поединци, туку истовремено обезбедување на успешен развој на целата групација.

Сите вработени на Европа Лек Фарма ДООЕЛ ја препознаваат својата одговорност во системите за управување и даваат свој придонес за квалитетот на производите да биде зачуван, а квалитетот на услугите да биде континуирано унапредуван.

Скопје, 03.11.2025

Европа Лек Фарма ДООЕЛ

Управител

ЕВРОПА ЛЕК ФАРМА ДООЕЛ